# Владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ

кратко документ

јули-септември 2024

Институт за европска политика. Скопје

ЕУ со ТЕБЕ

Овој проект е финансиран од Европската унија



# Владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ

Квартален извештај јули-септември 2024

Издавач:
Институт за европска политика - Скопје

За издавачот:
д-р Симонида Кацарска

Урредничка:
д-р Симонида Кацарска

Автори:
Ангела Делевска
Беба Жагар
Јулијана Караи
Цветанка Александроска

Превод од англиски на македонски јазик:
Наташа Колеќевска Георгиевска

Лектор:
Дејан Василевски

Графички дизајн:
Релатив

Скопје, 2024

Овој извештај е подготвен во рамки на проектот „Градиме мостови за заедничка иднина: Владеењето на правото во насока на пристапувањето во ЕУ", финансиран од Европската Унија. Содржината на овој краток документ за политики е единствена одговорност на авторите и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската Унија.



Овој краток документ дава преглед на клучните случувања поврзани со владеењето на правото во поглед на пристапувањето на Република Северна Македонија во ЕУ за периодот од јули до септември 2024 година. Тој вклучува **следење на основните елементи на пристапувањето во ЕУ, вклучувајќи ги и клучните случувања во областа на функционирањето на демократските институции, реформата на јавната администрација и Поглавјето 23: правосудство и темелни права.**

## Клучни случувања

- **Кон крајот на септември, Собранието донесе измени и дополнувања на Законот за локална самоуправа.**
- **Европската унија (ЕУ) ја одвои Република Северна Македонија од Албанија на нејзиниот пат кон членство во ЕУ, а Албанија ќе го отвори својот прв кластер од преговорите на 15 октомври.**
- **Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) поднесе иницијатива до Уставниот суд со која го оспорува условот за примена на балансерот, за што кандидатите за работни места во јавната администрација треба да се изјаснат за својата етничката припадност, што доведе до привремено замрзнување на мерката; последователно, на 30 септември 2024 година Министерството за јавна администрација ги задолжи институциите да ги повлечат огласите за вработување со назначување на етничката припадност како критериум, по одлуката на Уставниот суд бр. 90/2024.**
- **На 20 август 2024 година, Владата го достави до Собранието предлог-законот за користење на податоците од јавниот сектор. Овој закон наложува сите јавни институции да ги објавуваат и редовно да ги ажурираат податоците што се креираат во нивното секојдневно работење, да обезбедат функционалност на интернет-страницата и поврзаност со централниот каталог на податоци, како и да назначат лице за контакт за технички приспособувања и објавување на податоците.**
- **На 14 август 2024 година, Собранието формираше Привремена комисија за следење на правичната застапеност на сите заедници во државните органи и јавните институции на сите нивоа.**
- **Во август, по договорите за признавање вина, Основниот кривичен суд Скопје осуди судија на Врховниот суд на три години затвор за противзаконито влијание, а член на Советот на јавни обвинители на условна казна затвор од една година за поткуп, што доведе до нивна оставка и професионални ограничувања.**
- **По повикот на премиерот за реформи во правосудството, состанокот одржан на 20 август, што го водеше претседателот на Судскиот совет, заврши со тоа што премиерот ја повтори поддршката за распуштање на Судскиот совет и Советот на обвинители, но изјави дека и понатаму е отворен за алтернативни предлози во насока на враќање на довербата на јавноста.**
- **По пресудата на Вишиот управен суд дека Академијата за судии и јавни обвинители ги прекршила изборните и антикорупциските закони со приемот на слушатели, нејзината директорка поднесе оставка на 12 јули. Заменик-директорот привремено го презеде раководењето со Академијата, а Управниот одбор побара мислење од Владата и од Министерството за финансии за тоа дали да продолжи со приемот на слушатели додека трае постапката за избор на нов директор.**
- **ДКСК објави посебни извештаи за финансирањето на претседателските и парламентарните избори во 2024 година, откривајќи многубројни слабости, корупциски ризици и финансиски предизвици поврзани со финансирањето на кампањите.**
- **Според Светскиот индекс за слободата на медиумите за 2024 година на „Репортери без граници“, Република Северна Македонија се подобрила за две места и е рангирана на 36. место од 180 земји, и покрај проблемите со дезинформации, недостатокот на професионализам, ограниченото државно финансирање и вербалните напади врз медиумските работници.**
- **Учебната година 2024-2025 почна со значителни предизвици за учениците со попреченост, вклучително и недостаток на образовни асистенти и несоодветни алатки во училниците, како што се паметни табли и печатени материјали. Овие предизвици ја поттикнаа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) да почне постапка против Министерството за образование и наука (МОН) за индиректна дискриминација во пристапот до основното образование.**
- **На почетокот на август, Основниот граѓански суд Скопје донесе одлука дека Владата, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Државниот просветен инспекторат и општините Битола и Штип извршиле дискриминација преку сегрегација на ромските деца во образованието.**



# Список на кратенки

| | |
|---|---|
| **ОЈО** | Основно јавно обвинителство |
| **ОЈО ГОКК** | Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција |
| **ЦУП** | Центар за управување со промени |
| **КСЗД** | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| **ДЦАФ** | Женевски центар за управување со безбедносниот сектор |
| **ДУИ** | Демократска унија за интеграција |
| **ЕУ** | Европска унија |
| **БДП** | Бруто-домашен производ |
| **УЧР** | Управување со човечки ресурси |
| **ИПА** | Инструмент на ЕУ за претпристапна помош |
| **ЗОРОДУ** | Закон за организација и работа на органите на државната управна |
| **МОН** | Министерство за образование и наука |
| **МНР** | Министерство за надворешни работи |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **МКД** | Македонски денар |
| **ПС** | Пратеник во Собранието |
| **МЈА** | Министерство за јавна администрација |
| **НАТО** | Северноатлантска договорна организација |
| **РЈА** | Реформа во јавната администрација |
| **РеСПА** | Регионална школа за јавна администрација |
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **ДЗР** | Државен завод за ревизија |
| **ДКСК** | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| **СДСМ** | Социјалдемократскиот сојуз на Македонија |
| **ОН** | Обединети нации |
| **ВМРО-ДПМНЕ** | Внатрешна македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство |



# Содржина


**Функционирање на демократските институции** ... **6**

Избори ... 7
Собрание ... 8
Владеење ... 9
Граѓанско општество ... 11
Цивилна контрола врз безбедносниот/разузнавачкиот сектор ... 12
Реформа во јавната администрација ... 13

**Поглавје 23** ... **16**

Функционирање на судството ... 17
- Стратешки документи ... 17
- Управни тела ... 17
- Независност и непристрасност ... 17
- Отчетност ... 18
- Професионализам и компетентност ... 20
- Квалитет на правдата ... 20
- Ефикасност ... 21

Борба против корупција ... 22
- Државна комисија за спречување на корупцијата ... 22
- Јавното обвинителство ... 23

Темелни права ... 24
- Мачење и други форми на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување ... 24
- Затворски и притворски установи ... 24
- Слобода на мисла, свест и вера ... 25
- Слобода на изразување ... 25
- Ранливи групи и начелото на недискриминација ... 26
- Роми ... 27

# Функционирање на демократските институции



# Избори

Кон крајот на септември Собранието ги донесе измените и дополнувањата на Законот за локална самоуправа со 83 гласа „за“ (со Бадентерово мнозинство) и 17 „против“. Со овие измени и дополнувања им се овозможува на в.д. градоначалниците на општините Аеродром, Сарај и Гостивар да останат на функцијата до следните редовни локални избори во октомври 2025 година. Измените и дополнувањата беа донесени за да се избегне одржување на предвремени избори, бидејќи претходните градоначалници станаа пратеници или министри. Поддржувачите на измените на законот, вклучително и Европскиот фронт, тврдеа дека оваа промена ќе спречи непотребно трошење пари и ќе ги поштеди граѓаните од малтретирање со избори само една година пред редовните локални избори. ВМРО-ДПМНЕ мерката ја оценија како преодна, со цел да се обезбеди континуитет во локалната власт и да се избегнат прекини во работата до редовните избори.[1] Сепак, пратениците од опозициската СДСМ се спротивставија на измените, тврдејќи дека со нив се нарушува правото на граѓаните да ги избираат тие што ќе раководат во нивно име.[2]

1 Нема да има предвремени локални избори, со Сарај, Аеродром и Гостивар ќе раководат в.д. градоначалници, Нова Македонија, 24 септември 2024, https://novamakedonija.com.mk/makedonija/nema-da-ima-predvremeni-lokalni-izbori-so-saraj-aerodrom-i-gostivar-kje-rakovodat-v-d-gradonachalnici/.

2 Собранието одлучи: Нема предвремени локални избори во Гостивар, Сарај и Аеродром, Канал 5, 24 септември 2024, https://kanal5.com.mk/sobranieto-odluchi-nema-predvremeni-lokalni-izbori-vo-gostivar-saraj-i-aerodrom/a660768.

# Собрание

На петти јули, на деветтата седница на Собранието, беа избрани нов генерален секретар и заменик генерален секретар на Собранието.[3]

На 11 јули, Собранието на Република Северна Македонија го одбележа Денот на сеќавањето на геноцидот во Сребреница, нагласувајќи ја важноста од едукација на идните генерации за опасностите од омраза и предрасуди и потврдувајќи ја посветеноста на Република Северна Македонија на поддршката на ставот на Обединетите нации (ОН) за Сребреница и за афирмација на сеќавањето.[4] Меѓутоа, тој беше проследен со контроверзни реакции на фотографија на која се гледа молитва одржана во Собранието за време на комеморацијата, што предизвика реакции кај политичките партии. И опозициските партии и партиите од владејачката коалиција тврдеа дека верските обреди во државните институции го прекршуваат секуларниот устав на земјата, при што партијата Левица најави дека планира да поднесе интерпелација против претседателот на Собранието.[5] Учесниците на настанот го бранеа чинот, појаснувајќи дека молитвата бил личен избор, а не официјален верски обред.[6]

На крајот од јули, од претседателот на Собранието беше пријавено дека пратеници на ДУИ добиле анонимни пораки со закани. Тој ги осуди сите закани и ги повика надлежните институции под итно да ги истражат инцидентите.[7]

На десетти септември, во Собранието беше формиран Клубот за пратеници за младински прашања и политики составен од 21 пратеник, главно помлади од 35 години. Целта на Клубот е да го подобри статусот на младите и да ја врати довербата во институциите, така што ќе работи со младински организации и неформални групи.[8] Неговата прва седница се одржа на 19 септември и се сосредоточи на младинските политики и на Законот за младинско учество.[9]

На крајот на септември, претседателот на Собранието одржа брифинг со новинарите кои известуваат од Собранието, при што ги информираше дека од почетокот на тековниот пратенички мандат до тој момент биле одржани 15 пленарни седници. Беа објавени и планови за зголемување на бројот на пленарни седници.[10]

---

3 Марина Димовска избрана за генерална секретарка на Собранието, официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 5 јули 2024, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-marina-dimovska-izbrana-za-generalna-sekretarka-na-sobranieto.nspx.

4 Сеќавање на геноцидот во Сребреница во Собранието на РСМ, официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 12 јули 2024, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-sekavane-na-genocidot-vo-srebrenica-vo-sobranieto-na-rsm.nspx.

5 Реакција на партиите за молитвата во Парламентот: Ова е секуларна држава, А1 On, 12 јули 2024, https://a1on.mk/macedonia/po-levica-reakcija-i-na-drugite-partii-za-molitvata-vo-parlamentot-ova-e-sekularna-drzhava/.

6 Еден човечки гест не ја загрозува секуларноста на државата, велат од „Вреди“ за молитвата во Собранието, 360 степени, 13 јули 2024, https://360stepeni.mk/eden-chovechki-gest-ne-ja-zagrozuva-sekularnosta-na-drzhavata-velat-od-vredi-za-molitvata-vo-sobranieto/.

7 Соопштение до јавноста, официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 27 јули 2024, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-soopstenie-do-javnosta.nspx.

8 Конституиран Клубот за младински прашања и политики во Собранието на РСМ, официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 10 септември 2024, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-konstituiran-klubot-za-mladinski-prasana-i-politiki-vo-sobranieto-na-rsm.nspx.

9 Клубот за младински прашања и политики останува партнер за сите младински организации, 19 септември 2024, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-klubot-za-mladinski-prasana-i-politiki-ostanuva-partner-za-site-mladinski-organizacii.nspx.

10 Септемвриски брифинг на претседателот Гаши со собраниските известувачи, официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 26 септември 2024, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-septemvriski-brifing-na-pretsedatelot-gasi-so-sobraniskite-izvestuvaci.nspx.

# Владеење

Според извештајот на државниот ревизор, Република Северна Македонија е на петтото место во Европа по одливот на мозоци, при што губела во просек 2.500 високообразовани професионалци годишно во периодот од 2013 до 2021 година. Како резултат на ова земјата претрпела штета од над 700 милиони евра во изминативе осум години или негативни последици од 8,34% по БДП на земјата. Извештајот ги нагласува неефикасните владини мерки, вклучително несоодветните студентски стандарди, слабите можности за вработување и погрешната стратегија за стипендирање што ги испраќа студентите во странство без да се обезбеди нивно враќање. Исто така, се забележува дека националната стратегија за справување со одливот на мозоци (2013-2020) не е објавена, а клучните владини акциски планови слабо се спроведуваат.[11] Дополнително, проценките на ОН покажуваат дека се предвидува дека населението на Република Северна Македонија ќе се намали од 1.836.000 на 1.519.000 до 2050 година, што претставува пад од 17,3%.[12]

На почетокот на јули, премиерот на Република Северна Македонија објави договор за заем од 500 милиони евра со Унгарија, кој бил постигнат на средбата со унгарскиот премиер на Самитот на НАТО. Заемот, со тригодишен грејс период и 12-годишен план за отплата, е наменет за поддршка на економијата на земјата и финансирање на општински капитални инвестиции. Договорот вклучува и одредби за идна финансиска помош од Унгарија, доколку е потребно.[13] Заемот беше одобрен во Собранието на 17 септември, и покрај загриженоста на опозицијата за транспарентноста на заемот и предупредувањата од зголемен јавен долг.[14]

На 17 јули, министерката за финансии го презентираше ребалансот на буџетот, истакнувајќи ги предизвиците наследени од претходната влада и очекуваните економски подобрувања. Владата, предводена од ВМРО-ДПМНЕ, ја критикуваше претходната влада за несоодветно планирање и прекумерно трошење, истакнувајќи дека првичните проекции за економски раст сега се сметаат за недостижни. Ребалансот покажува проектиран буџетски дефицит од 44 милијарди денари, со значителни издвојувања за плати, пензии и други социјални програми. Критичарите, вклучително и сега опозициската партија СДСМ, тврдат дека владата ја префрла вината, а притоа не ги решава синдикалните барања за зголемување на минималната плата.[15] На 12 август Собранието го одобри ребалансот со 67 гласа „за“. Ревидираниот буџет предвидува раст на БДП од 2,1%, инфлација од 3,5% и буџетски дефицит од 4,9%, при што вкупните приходи се проценети на 318,2 милијарди денари, а расходите на 362,8 милијарди денари.[16]

Во август, премиерот обвини дека политичките ривали се обиделе да предизвикаат немири и етнички тензии. Тој посебно ја обвини ДУИ, најголемата партија на етничките Албанци, дека планира да ја поткопа меѓуетничката хармонија за да ги заштити своите интереси. ДУИ, тврдејќи дека го претставува најголемото етничко албанско население, изрази фрустрација поради тоа што не е вклучена во владата во корист на ривалот со етничко албанско потекло. Имено, Коалицијата ВРЕДИ доби помалку гласови на парламентарните избори. Тие го опишаа ова исклучување како чин на „игнорирање на волјата на Албанците“ и најавија можни протести оваа есен, предизвикувајќи загриженост за стабилноста во земјата. Но, ДУИ ги демантираше обвинувањата на премиерот, означувајќи ги како невистинити и обид за одвлекување на вниманието од пропустите на Владата.[17]

11 Македонија на петто место во Европа по одлив на мозоци, Сител, 2 јули 2024, https://sitel.com.mk/makedonija-na-petto-mesto-vo-evropa-po-odliv-na-mozoci.

12 Македонија ќе има 300.000 жители помалку до 2050 година – проценка на Обединетите нации, Телма, 23 август 2024, https://telma.com.mk/2024/08/23/makedonija-ke-ima-300-000-zhiteli-pomalku-do-2050-godina-proczenka-na-obedinetite-naczii/.

13 Мицкоски со Орбан договорил унгарски кредит од 500 милиони евра, Радио Слободна Европа, 11 јули 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/33032671.html.

14 Собранието го изгласа Законот за заем од половина милијарда евра од Унгарија, Meta.mk, 17 септември 2024, https://meta.mk/sobranieto-go-izglasa-zakonot-za-zaem-od-polovina-milijarda-evra-od-ungarija/.

15 Ребаланс на буџетот – спас од клиничка смрт или барање алиби, Радио Слободна Европа, 17 јули 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/budjet-plati-dolg-/33039965.html.

16 Собранието го изгласа ребалансот на буџетот за 2024, VOA, 12 август 2024, https://mk.voanews.com/a/sobranieto-go-izglasa-rebalansot-na-budjetot-za-2024/7739508.html.

17 US keeps an eye on North Macedonia amid “destabilisation” fears (САД внимава на Република Северна Македонија во услови на страв од „дестабилизација“), Balkan Insight, 20 август 2024, https://balkaninsight.com/2024/08/20/us-keeps-an-eye-on-north-macedonia-amid-destabilisation-fears/.

Во врска со тековниот спор со Бугарија, министерот за надворешни работи и надворешна трговија во август изјави дека очекува формирање нова влада во Бугарија, што ќе овозможи засилен дијалог за различни прашања, истакнувајќи ја претстојната изборна година во Бугарија како потенцијален катализатор за обновување на разговорите.[18] Дополнително, тој се заложи за одложување на донесувањето на уставните амандмани за да се обезбедат гаранции од потенцијални проблеми со Бугарија и ја нагласи потребата од реципроцитет во однос на правата на малцинствата.[19] Министерот за европски прашања искажа слични ставови за одложување на донесувањето на уставните амандмани како можно решение,[20] нагласувајќи дека создавањето поволна политичка клима и јавна поддршка е од суштинска важност за уставните амандмани.[21] На крајот на август, премиерот најави промени во составот на Заедничката мултидисциплинарна експертска комисија за историски и образовни прашања меѓу Република Северна Македонија и Бугарија, изјавувајќи дека нејзините членови не ги штителе националните интереси.[22] Новиот состав на Комисијата беше именуван на десетти септември, меѓу чии членови има и историчари од различни институти. Новиот претседател на Комисијата претходно поднесе оставка во 2021 година, повикувајќи се на политички притисок и мешање.[23] По одлуката, поранешните членови на Историската комисија ја критикуваа политичката злоупотреба на работата на Комисијата и од македонските и од бугарските власти. Тие ги обвинија политичарите и интелектуалците дека им даваат приоритет на политичките и партиските цели пред научните принципи, особено во однос на националниот идентитет и историографијата. Тие повикаа на промени во методологијата на Комисијата и вклучување на меѓународни експерти за да се намали политичкото мешање.[24]

Се јавија дипломатски тензии меѓу Република Северна Македонија и Бугарија по претседателската средба во Софија на средината на септември, каде што македонското знаме го немаше на официјалните фотографии. Ова доведе до тоа Република Северна Македонија да го повика бугарскиот амбасадор за да му врачи протестна нота, но таа не беше доставена. Бугарија го минимизираше инцидентот, наведувајќи дека не била формална посета, додека Република Северна Македонија го критикуваше пропустот како омаловажување на нејзиното национално достоинство.[25]

Кон крајот на септември, ЕУ ја одвои Република Северна Македонија од Албанија на нејзиниот пат кон членство во ЕУ, а Албанија треба да го отвори својот прв преговарачки кластер на 15 октомври.[26] По оваа одлука, премиерот повтори дека, иако Владата е подготвена да преговара, бара сите уставни измени да се активираат само откако Бугарија ќе го ратификува протоколот за пристапување на Република Северна Македонија во ЕУ. Тој изрази фрустрација поради наводните двојни стандарди и ја повика ЕУ да ги прифати предлозите на Република Северна Македонија за преговори.[27]

18 Муцунски: Очекувам политичка влада во Бугарија со која ќе можеме да отвориме дијалог на повеќе нивоа, 360 степени, 16 август 2024, https://360stepeni.mk/mutsunski-ochekuvam-politichka-vlada-vo-bugarija-so-koja-ke-mozheme-da-otvorime-dijalog-na-poveke-nivoa/.

19 Муцунски: Одложеното дејство на уставните измени е рационален пристап, Слободен печат, 19 август 2024, https://www.slobodenpecat.mk/en/mucunski-odlozhenoto-dejstvo-na-ustavnite-izmeni-e-racionalen-pristap/.

20 Муртезани: Уставни измени со одложено дејство би биле гаранција дека ќе нема нови блокади, преговарачката рамка не се менува, Либертас, 22 август 2024, https://libertas.mk/murtezani-ustavni-izmeni-so-odlozheno-de-stvo-bi-bile-garanci-a-deka-e-nema-novi-blokadi-pregovarachkata-ramka-ne-se-menuva/.

21 За уставни измени треба соодветна политичка клима – средба на Муртезани и Вархеји, Телма, 4 септември 2024, https://telma.com.mk/2024/09/04/za-ustavni-izmeni-treba-soodvetna-politichka-klima-sredba-na-murtezani-i-varheji/.

22 Мицкоски најави кадровски промени во историската комисија со Бугарија: Актуелната не ги штитеше националните интереси, 360 степени, 26 август 2024, https://360stepeni.mk/mitskoski-najavi-kadrovski-promeni-vo-istoriskata-komisija-so-bugarija-aktuelnata-ne-gi-shtiteshe-natsionalnite-interesi/.

23 Владата го избра новиот состав на Комисијата за историски прашања со Бугарија – за претседател е назначен Ванчо Ѓорѓиев, 360 степени, 10 септември 2024, https://360stepeni.mk/vladata-go-izbra-noviot-sostav-na-komisijata-za-istoriski-prashana-so-bugarija-za-pretsedatel-e-naznachen-vancho-gorgiev/.

24 Историската комисија беше злоупотребена за политички и партиски цели во двете земји, велат поранешните членови од македонскиот тим, 360 степени, 12 септември 2024, https://360stepeni.mk/istoriskata-komisija-beshe-zloupotrebena-za-politichki-i-partiski-tseli-vo-dvete-zemji-velat-poraneshnite-chlenovi-od-makedonskiot-tim/.

25 Скопје и Софија – Од културна дипломатија до протестна нота, Радио Слободна Европа, 16 септември 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/bugarija-protest-zname/33122018.html.

26 ЕУ ги раздели Македонија и Албанија на патот кон ЕУ, Телма, 26 септември 2024, https://telma.com.mk/2024/09/26/eu-gi-razdeli-makedonija-i-albanija-na-patot-kon-eu/.

27 Се испраќа лоша порака кон македонските граѓани, само се изживуваат врз нас – Мицкоски за одвојувањето на С. Македонија и Албанија од патот кон ЕУ, 360 степени, 26 септември 2024, https://360stepeni.mk/se-ispraka-losha-poraka-kon-makedonskite-gragani-samo-se-izzhivuvaat-vrz-nas-mitskoski-za-odvojuvaneto-na-s-makedonija-i-albanija-od-patot-kon-eu/.

# Граѓанско општество

На 25 септември се одржа „Дијалог меѓу Владата и граѓанскиот сектор“, со фокус на владеењето на правото, доброто владеење и борбата против корупцијата. Премиерот изрази увереност во посветеноста на Владата за решавање на овие прашања со поддршка од граѓанското општество и меѓународните партнери.[28] Во исто време, министерот за правда ја истакна отвореноста на Владата за соработка со граѓанското општество, истакнувајќи ја нивната вклученост во правните реформи и напорите за борба против корупцијата како суштински за постигнување на вистински напредок.[29]

28 Мицкоски: Борбата со криминалот и корупцијата мора да биде одлучна, убеден сум дека со ИРИ и невладините ќе направиме многу, 360 степени, 25 септември 2024, https://360stepeni.mk/mitskoski-borbata-so-kriminalot-i-koruptsijata-mora-da-bide-odluchna-ubeden-sum-deka-so-iri-i-nevladinite-ke-napravime-mnogu/.

29 Филков: Владата и граѓанскиот сектор заедно ќе се борат против криминалот и корупцијата, Фокус, 25 септември 2024, https://fokus.mk/filkov-vladata-i-graganskiot-sektor-zaedno-ke-se-borat-protiv-kriminalot-i-koruptsijata/.

# Цивилна контрола врз безбедносниот/ разузнавачкиот сектор

На први јули, премиерот објави дека Агенцијата за разузнавање и Агенцијата за национална безбедност ќе се спојат во една институција, процес што се очекува да трае неколку месеци. Спојувањето следува по претходните реформи во безбедносните служби на Република Северна Македонија по скандалот со прислушувањето во 2019 година. Соопштувајќи го ова, премиерот изјави дека спојувањето има цел зајакнување на соработката во борбата против тероризмот и организираниот криминал, следејќи ги стандардите на НАТО и ЕУ. Планот е дел од агендата на Владата, со тоа што ќе се гради нов објект за Агенцијата.[30]

По промената на раководството кон крајот на јуни, што предизвика политички конфронтации меѓу новата влада и опозицијата, се појавија прашања околу именувањето на новиот заменик-директор на Агенцијата за разузнавање на почетокот на јули. Критичарите тврдеа дека ѝ недостига законски пропишаното десетгодишно искуство во соодветни области, со оглед на тоа што има само седум години стаж во Агенцијата и претходно искуство на работни места што не се поврзани со безбедноста. Меѓутоа, Кабинетот на претседателката ги бранеше нејзините квалификации, наведувајќи ја нејзината академска работа на теми поврзани со безбедноста и дополнителното искуство во кибербезбедноста.[31] Како реакција на ваквата загриженост, ДКСК отвори предмет на десетти јули за да истражи дали именуваната ги исполнува законските услови.[32] Критики за ова назначување стигнаа од поранешни министри за одбрана и актуелни пратеници на СДСМ, кои исто така ја обвинија власта за незаконски назначувања во Министерството за внатрешни работи и предупредија да не се поставуваат партиски послушници во Агенцијата за национална безбедност и военото разузнавање.[33]

На 18 јули, претседателот на Собранието се сретна со претставници од канцеларијата на Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор (ДЦАФ) во Скопје, за да поразговараат за нивното стратешко партнерство во рамките на парламентарните и безбедносно-разузнавачките реформи. Тие го разгледаа напредокот на проектот, вклучително и завршувањето на „заштитената просторија“ за безбедни разговори што треба да се случи наскоро и ја истакнаа потребата од формирање совет за граѓански надзор заради обезбедување на делотворна контрола.[34]

Кон крајот на септември, група вработени од Агенцијата за разузнавање испратија анонимно писмо до медиумите, странските амбасади и до Кабинетот на претседателката, во кое тврдеа дека премиерот планира да ги укине националните агенции за безбедност и разузнавање за да формира политички контролирана служба. Тие обвинија дека лица блиски на партијата работат на новиот закон и изразија загриженост поради ерозијата на професионалната контрола. Во писмото се бара претседателката да интервенира и да го спречи наводното предавство на безбедносниот сектор на земјата.[35]

---

30 Разузнавачките служби ќе се спојуваат во една агенција, Дојче веле, 1 јули 2024, https://www.dw.com/mk/nov-plan-na-vladata-mesto-dve-razuznavacki-sluzbi-samo-edna-agencija/a-69527789.

31 Дали Ивана Стојановска ги исполнува условите за заменик-директор на Агенцијата за разузнавање?, 360 степени, 4 јули 2024, https://360stepeni.mk/dali-ivana-stojanovska-gi-ispolnuva-uslovite-za-zamenik-direktor-na-agentsijata-za-razuznavane/.

32 ДКСК оформи предмети за заменик-директорката во Агенцијата за разузнавање и за поранешниот заменик-министер во МВР, 360 степени, 10 јули 2024, https://360stepeni.mk/dksk-oformi-predmeti-za-zamenik-direktorkata-vo-agentsijata-za-razuznavane-i-za-poraneshniot-zamenik-minister-vo-mvr/.

33 Петровска обвини за незаконски распоредувања службеници во МВР и предупреди за именување партиски послушници во АНБ и военото разузнавање, 360 степени, 10 јули 2024, https://360stepeni.mk/petrovska-obvini-za-nezakonski-rasporeduvana-na-sluzhbenitsi-vo-mvr-i-predupredi-za-imenuvane-partiski-poslushnitsi-vo-anb-i-voenoto-razuznavane/.

34 Средба на претседателот Гаши со претставници на канцеларијата на ДЦАФ во Скопје, официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 18 јули 2024, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-sredba-na-pretsedatelot-gasi-so-pretstavnici-na-kancelarijata-na-dcaf-vo-skopje.nspx.

35 Разузнавачите алармираат за предавство: Премиерот сака да ја укине АНБ и АР и да постави блиско лице на раководна позиција, Слободен печат, 23 септември 2024, https://www.slobodenpecat.mk/razuznavachite-alarmiraat-za-predavstvo-premierot-saka-da-ja-ukine-anb-i-ar-i-da-postavi-blisko-lice-na-rakovodna-pozicija/.

# Реформа во јавната администрација

На прес-конференција одржана на 30 јули 2024 година, министерот за јавна администрација истакна дека законите за вработените во јавниот сектор, административните службеници и за стручното усовршување и обука на административните службеници се повлечени од собраниска процедура поради најновите измени на Законот за организација и работа на органите на државната управа (ЗОРОДУ).[36] Покрај измените и дополнувањата на ЗОРОДУ, беше истакнато дека широката дебата за овие закони ќе биде повторно отворена со цел сите засегнати страни – вклучително граѓанските организации, државните институции, синдикатите, меѓународните организации, претставниците на SIGMA и Европската комисија, експертската јавност и опозицијата – да дадат свој придонес и мислења.[37]

На 31 јули 2024 година, Министерството за јавна администрација (МЈА), во соработка со Центарот за управување со промени (ЦУП), организираше јавна дебата за клучните предизвици со кои се соочуваат институциите од јавниот сектор во Република Северна Македонија. Целта на дискусијата беше да се презентира визијата на Владата и идните заложби во областа на доброто владеење и реформата на јавната администрација (РЈА), како и да се отвори широка дебата со стручната јавност, претставниците од институциите и другите засегнати страни за подобрување на регулативата за управување со човечките ресурси (УЧР) во јавниот сектор. Се разговараше за нацрт-законите: Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници и Законот за стручно усовршување и обука на административните службеници.[38] Овој настан го означи почетокот на кампањата „Сите заедно за професионална и квалитетна јавна администрација".[39]

На 31 јули 2024 година, министерот за дигитална трансформација го отвори првиот состанок на работната група за изработка на Националната стратегија за кибербезбедност 2024-2028.[40] Новата стратегија ќе се сосредоточи на следново: (i) воспоставување, одржување и надградба на ИКТ-инфраструктурата што ќе биде отпорна на киберзакани, (ii) јасно идентификување и дефинирање на изворите на заканите по националните интереси во однос на кибербезбедноста, како и развивање на превентивни мерки и јасен план за одговор, (iii) градење и подобрување на потребните капацитети за заштита, (iv) промовирање култура на кибербезбедност кај граѓаните, јавниот и приватниот сектор, во смисла на разбирање на ризиците, практикување киберхигиена и спречување и справување со заканите, (v) јакнење на националните капацитети за превенција, истрага и одговор на киберкриминалот, (vi) јакнење на одбраната на националните интереси и намалување на тековните и идните ризици во киберпросторот, и (vii) промовирање на меѓународна соработка и размена на информации.[41]

На 20 август 2024 година, Владата го достави до Собранието предлог-законот за користење на податоците од јавниот сектор.[42] Сите институции мораат да ги објавуваат податоците што ги создаваат во текот на своето секојдневно работење и да ги направат достапни за јавноста.[43] Секоја институција

36 Прес-конференција на министерот за јавна администрација, официјална интернет-страница на Министерството за јавна администрација, 30 јули 2024, https://www.mioa.gov.mk/mk-MK/news/pres-konferencija-na-ministerot-za-javna-administracija--konferenca-per-shtypin-e-ministrit-te-administrates-publike.nspx.

37 Ibid.

38 Министерот за јавна администрација, Горан Минчев, го означи почетокот на кампањата „Сите заедно за професионална и квалитетна администрација", официјална интернет-страница на Министерството за јавна администрација, 31 јули 2024, https://www.mioa.gov.mk/mk-MK/news/ministerot-za-javna-administracija-goran-mincev-go-oznaci-pocetokot-na-kampanata-site-zaedno-za-profesionalna-i-kvalitetna-javna-administracija%E2%80%9D.nspx.

39 Ibid.

40 Министерот Андоновски го отвори првиот работен состанок на работната група за изработка на Националната стратегија за кибербезбедност 2024-2028 година, официјална интернет-страница на Министерството за јавна администрација, 30 јули 2024, https://www.mioa.gov.mk/mk-MK/news/ministerot-andonovski-go-otvori-prviot-raboten-sostanok-na-rabotnata-grupa-za-izrabotka-na-nacionalna-strategija-za-sajber-bezbednost--2024-2028-godina.nspx.

41 Ibid.

42 Кварталните извештаи стануваат задолжителни – Институциите ќе имаат повеќе обврски, непочитувачите ќе плаќаат високи казни, Faktor.mk, 20 август 2024, https://faktor.mk/kvartalnite-izveshtai-stanuvaat-zadolzitelni--instituciite-kje-imaat-povekje-obvrski-nepochituvachite-kje-plakjaat-visoki-kazni.

43 Ibid.

од јавниот сектор мора да обезбеди редовно ажурирање на објавените податоци, функционалност на интернет-страницата на која се објавуваат податоците и активна врска до централниот каталог на податоци од јавниот сектор на www.otvorenipodatoci.gov.mk.[44] Лицето назначено за контакт ќе биде одговорно за технички приспособувања и објавување на податоците.[45]

На 14 август 2024 година, Собранието одлучи да формира Привремена комисија за следење на соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.[46] Во тој контекст, опозицијата ја обвини ВМРО-ДПМНЕ дека склучила „таен договор“ со ДУИ, посочувајќи дека владата не се придржува до ветувањето дека ќе го укине балансерот, туку ја надградила неговата функција со тоа што на Собранието му доделува одговорност за следење на правичната застапеност.[47]

ДКСК до Уставниот суд поднесе иницијатива во врска со балансерот, бидејќи смета дека обврската кандидатите за работни места во администрацијата да ја наведат својата националност при аплицирање за работа го нарушува уставно-загарантираното право на слободно изразување на националната припадност.[48] Според ДКСК, етничката припадност е лично чувство, може да биде променливо и не е услов за вработување согласно Законот за вработените во јавниот сектор или Законот за административни службеници. ДКСК го смета овој услов за исклучувачки предуслов за учество на јавен оглас, што го нарушува принципот заснован на заслуги.[49]

По привремената мерка за замрзнување на примената на балансерот, Министерството за јавна администрација на 30 септември 2024 година ги задолжи институциите да ги поништат огласите за вработување во кои како посебен критериум е наведена етничката припадност. Секоја постапка за вработување што е во тек треба да се откаже доколку јавниот оглас е изготвен според одредбите што се предмет на точка 1 од одлуката на Уставниот суд (бр. 90/2024 од 18.09.2024 година), односно доколку во огласот се бара од кандидатите да се изјаснат за својата етничка припадност.[50]

На втори септември 2024 година, министерот за дигитална трансформација го презентираше четиригодишниот стратешки акциски план на Министерството пред меѓународните партнери и донатори. Тој ја истакна визијата на Министерството за дигитално општество во кое иновациите го омоќуваат секој граѓанин, кое се бори против корупција, привлекува инвестиции и поттикнува одржливост и правичност. Тој нагласи дека клучната мисија во следните четири години ќе биде да се спроведе дигитална трансформација преку иновативни политики, стратешки инвестиции и партнерства за соработка.[51]

На 24 септември 2024 година, Регионалната школа за јавна администрација (РеСПА) го почна четвртиот модул на Регионалната академија за Процесот на креирање политики врз основа на докази, сосредоточувајќи се на „Креирање политики во дигиталниот свет“. На него присуствуваа

44 Ibid.

45 Ibid.

46 Одлука за основање на Комисија на Собранието на Република Северна Македонија за следење на соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, De Jure, 14 август 2024, https://dejure.mk/zakon/odluka-za-osnovanje-na-komisija-na-sobranieto-na-republika-severna-makedonija-za-sledenje-na-soodvetnata-i-pravichna-zastapenost-na-gragjanite-koi-pri.{\\i{}De Jure}, 14 August 2024, https://dejure.mk/zakon/odluka-za-osnovanje-na-komisija-na-sobranieto-na-republika-severna-makedonija-za-sledenje-na-soodvetnata-i-pravichna-zastapenost-na-gragjanite-koi-pri.”,”plainCitation”:”‘Decision on the Establishment of the Commission of the Assembly of the Republic of North Macedonia for Monitoring the Adequate and Fair Representation of Citizens Who Belong to All Communities (Одлука За Основање На Комисија На Собранието На Република Северна Македонија За Следење На Соодветната и Правична Застапеност На Граѓаните Кои Припаѓаат На Сите Заедници

47 Опозицијата обвинува: Таен „дил“ меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, балансерот ги разоткри, Слободен печат, 14 август 2024, https://www.slobodenpecat.mk/obvinuvanje-taen-dil-megju-vmro-dpmne-i-dui-balanserot-gi-razotkri/.

48 „Балансерот“ утре на седница на Уставниот суд – ДКСК смета дека примената води кон злоупотреби!, ТВ 21, 17 септември 2024, https://mk.tv21.tv/balanserot-utre-na-sednitsa-na-ustavniot-sud-dksk-smeta-deka-primenata-vodi-kon-zloupotrebi/.

49 Ibid.

50 Министерството за јавна администрација со насоки како да постапува со „балансерот“, Канал 5, 30 септември 2024, https://kanal5.com.mk/ministerstvoto-za-javna-administracija-so-nasoki-kako-da-postapuva-so-balanserot/a661727.

51 Министерот Андоновски го презентираше Стратешкиот план на активности на Министерството за дигитална трансформација, официјална интернет-страница на Министерството за јавна администрација, 23 септември 2024, https://www.mioa.gov.mk/mk-MK/news/ministerot-andonovski-go-prezentirase-strateskiot-plan-na-aktivnosti-na-ministerstvoto-za-digitalna-transformacija.nspx.

претставници од владини институции и експерти вклучени во планирањето и координацијата на политиките во јавниот сектор.[52] Министерот за јавна администрација ја истакна критичната улога на дигитализацијата во современото владеење и посветеноста на Република Северна Македонија кон РЈА, осврнувајќи се на успешното спроведување на Апликацијата за следење на стратегијата за реформи во јавната администрација развиена со поддршка на РеСПА.[53]

52 Министерот за јавна администрација Горан Минчев се обрати на четвртиот модул на Регионалната школа за јавна администрација – РеСПА, со фокус на „Креирање политики во дигиталниот свет“, официјална интернет-страница на Министерството за јавна администрација, 24 септември 2024, https://www.mioa.gov.mk/mk-MK/news/ministerot-za-javna-administracija-goran-mincev-se-obrati-na-cetvrtiot-modul-na-regionalnata-skola-za-javna-administracija---respa-so-fokus-na-kreirane-politiki-vo-digitalniot-svet.nspx.

53 Ibid.

# Поглавје 23



# Функционирање на судството

## Стратешки документи

Немаше никакви забележителни случувања во однос на стратешките документи во периодот опфатен со овој извештај.

## Управни тела

Во периодот опфатен со извештајот, Судскиот совет му го прекина мандатот на членот избран од редот на судиите кој претходната година беше и незаконски избраниот претседател по истекот на неговиот мандат.[54] Дополнително, Советот назначи нов член – единствениот регистриран кандидат – од редот на судиите кои ги претставуваат заедниците со население кое сочинува помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија.[55]

Престанок на мандатот на член се случи и во Советот на јавни обвинители во јули.[56] Истиот месец, Советот избра нов член, единствениот регистриран кандидат, од редот на јавните обвинители од апелациското подрачје на Вишото јавно обвинителство Битола.[57] Истиот месец, по оставката на потпретседателот, кој во август се изјасни за виновен за примање поткуп и доби условна затворска казна од една година, Советот избра нов потпретседател од редот на обвинителите, по препорака од претседателот на Советот.[58] Во септември, Советот назначи еден од своите членови во Етичкиот совет на јавните обвинители и друг во Националното координативно тело за спроведување на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство.[59]

## Независност и непристрасност

На 12 јули, Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Генералното заседание, донесе начелен став во однос на акредитацијата на медиумите за граѓански предмети од значаен јавен интерес. Оваа одлука е усогласена со уставните и законските начела за транспарентност и јавност, како и со Европската конвенција за човекови права.[60] Со овој потег, Врховниот суд ја потврди својата заложба за отворено и транспарентно судство.

По јавниот повик на премиерот за предлози за реформи во судството, на 20 август се одржа состанок на иницијатива на претседателот на Судскиот совет.[61] Иако по средбата во јавноста не беа соопштени конкретни предлози, премиерот го повтори својот став за распуштање на Судскиот совет и на Советот на јавни обвинители.[62] Сепак, тој ја остави отворена можноста за разгледување на

54 Соопштение од 498. седница на Судскиот совет на РСМ – 10.09.2024 година, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/4eDm79A.

55 Соопштение, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 5 септември 2024, https://bit.ly/3BGf29A.

56 Записник од 106. седница на Советот на јавни обвинители, официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 17 јули 2024, https://sjorm.gov.mk/zapisnik-od-106-sednica-na-sjorsm/.

57 Соопштение за конечни резултати од спроведени избори за член на Советот на јавните обвинители од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола, одржани на 29.07.2024 година, официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, https://sjorm.gov.mk/soopshtenie-za-konechni-rezultati-od-sprovedeni-izbori-za-chlen-na-sovetot-na-javnite-obviniteli-od-podrachjeto-na-vishoto-javno-obvinitelstvo-bitola-odrzhani-na-29-07-2024-godina/.

58 Записник од 106. седница на Советот на јавни обвинители.

59 Соопштение за јавност за одржана седница на ден 20.09.2024 година, официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, https://sjorm.gov.mk/soopshtenie-za-javnost-za-odrzhana-sednica-na-den-20-09-2024-godina/.

60 Врховниот суд утврди начелен став за акредитациите за медиумите во граѓанските предмети од јавен интерес, официјална интернет-страница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, 12 јули 2024, https://bit.ly/3BKmkcs.

61 Работна средба, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 22 август 2024, https://bit.ly/4ha6Xuk.

62 Владата останува на ставот за потребата од коренити реформи во правосудството, порача Мицкоски по средбата со Дамева, МИА – Медиумска информативна агенција, https://bit.ly/3zZMpE2.

алтернативни предлози за враќање на довербата на јавноста во овие институции додека е во тек јавната дискусија на оваа тема.[63]

Државниот завод за ревизија (ДЗР), во својот извештај за усогласеноста на финансиското работење на Основниот граѓански суд Скопје, објавен во август, идентификуваше значајни проблеми поврзани со финансиското управување на судството во Република Северна Македонија.[64] Една од примарните точки за загриженост е постојаното намалување на средствата наменети за судството, што директно е во спротивност со Законот за судскиот буџет, кој забранува кратење на буџетот при ребаланс.[65] И покрај оваа законска заштита, во декември 2023 година беше донесено намалување за 89.906.000 денари. Во извештајот се посочуваат и недоследности во управувањето со судските депозити, недостаток на јасни прописи за утврдување на платите на техничкиот и на помошниот судски персонал, како и неусогласеност во законските одредби со кои се регулира сопственоста на застарените судски депозити.[66] Дополнително, Основниот граѓански суд Скопје се соочува со нерешени финансиски тешкотии, вклучително и несоодветна документација за вредноста на своите простории и тековни правни спорови поврзани со барањата на вработените за заостанати плати и усогласувања на платите, што резултира со значителни финансиски обврски.[67]

Како одговор на постојаните критики од стручната јавност во однос на неговата транспарентност, Советот на јавни обвинители во септември ја почна последната фаза од изработката на нова интернет-страница. Интернет-страницата се очекува да биде оперативна до почетокот на октомври.[68]

## Отчетност

Во јули, претседателот на Судскиот совет го извести претседателот на Собранието дека судија на Уставниот суд, кој ја извршуваше функцијата претседател на Судот до јуни, достигнал возраст за пензионирање, со што го изгубил статусот на активен судија, што е услов за членство во Уставниот суд.[69] Во својот допис, Судскиот совет го изедначи статусот на своите членови со оној на судиите на Уставниот суд, повикувајќи се на релевантни одредби од Уставот и Законот за Судски совет.[70] Како резултат на тоа, Советот го информираше Собранието да ги разгледа потенцијалните понатамошни дејства во однос на судијата. Дополнително, Судскиот совет предложи двајца судии за нови членови на Уставниот суд.[71] Уставниот суд не се изјасни по ова прашање, повикувајќи се само на член 111 став 4 од Уставот. Исто така, Судскиот совет не даде објаснување зошто известувањето е испратено во тој момент, со оглед на тоа што судијата ги исполнил условите за пензионирање две години претходно, на 30 јуни 2022 година.[72]

---

63 Мицкоски: Програмата на ВМРО предвидува распуштање на Судскиот совет, но отворени сме за предлози, Алфа телевизија, 21 август 2024, https://alsat.mk/mk/mitskoski-programata-na-vmro-predviduva-raspushtane-na-sudskiot-sovet-no-otvoreni-sme-za-predlozi/.

64 Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Основен граѓански суд Скопје – Сметка на основен буџет 603 и 631, официјална интернет-страница на Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија, август 2024, https://dzr.mk/mk/240911-revizija-na-usoglasenost-2024-osnoven-graganski-sud-skopje.

65 Ibid.

66 Ibid.

67 Ibid.

68 Соопштение за јавност за одржана седница на ден 20.09.2024 година.

69 Судскиот совет смета дека Кацарска не може повеќе да биде уставна судијка, MKD.mk, 4 јули 2024, https://mkd.mk/sudskiot-sovet-smeta-deka-kacarska-ne-mozhe-da-bide-ustaven-sudija/.

70 Уставот утврдува мандат од шест години за избраните членови на Судскиот совет и ги наведува условите за престанок на нивниот мандат, а дополнителни детали се предвидени во Законот за Судскиот совет. Иако Уставот изречно не бара престанок на мандатот на членот по навршување на возраста за старосна пензија, Судскиот совет доследно толкува дека кога член е избран од редовите на судиите, мандатот автоматски му престанува кога ќе му престане судиската функција, без разлика колку време му останува од мандатот. Ова толкување доследно се потврдува од страна на Судскиот совет и претставува основа за одлуки за престанок на мандатите во вакви случаи. Ibid.

71 Ibid.

72 Ibid.

Во август, Основниот кривичен суд Скопје донесе правосилна пресуда врз основа на спогодба за вина со Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (ОЈО ГОКК) со којашто беше осуден судија на Врховниот суд – кој претходно се кандидираше за функција во Судскиот совет, и покрај тоа што се соочуваше со дисциплинска постапка, а подоцна се повлече за да го олесни назначувањето на неговиот син за судија – на три години затвор за примање награда за противзаконско влијание.[73] Следствено, Судскиот совет му ја укина судиската функција и му забрани да ја врши професијата додека ја издржува казната.[74] Дополнително, второобвинетиот, член на Советот на јавни обвинители и поранешен народен правобранител, исто така склучил спогодба за признавање вина со ОЈО ГОКК.[75] Тој ја призна вината за примање поткуп и доби условна затворска казна од една година, која нема да се изврши доколку во период од три години не стори друго кривично дело.[76] Како дел од договорот, тој поднесе трајна оставка од Советот на јавни обвинители до Собранието на Република Северна Македонија.[77]

Во врска со случајот со осудениот судија на Врховниот суд, на 25 јули од страна на Одделот за сузбивање организиран криминал при Министерството за внатрешни работи (МВР), одземени се два телефона на вработен во Академијата за судии и јавни обвинители на барање на ОЈО ГОКК, поради сомнителни комуникации со приведениот судија.[78] Инспекторите, исто така, ги разгледале досиејата на кандидатите од седмата, осмата и деветтата генерација, при што неофицијални извештаи во медиумите укажуваат дека се води истрага и за поткуп поврзан со прифаќање кандидати за судски и за обвинителски позиции.[79]

На 11 и 18 септември, Комисијата на известувачи на Судскиот совет одржа јавни расправи за две дисциплински постапки против судија на Основниот суд Кавадарци и неговиот поранешен претседател.[80] Првата постапка се сосредоточи на наводи за несовесно и непрофесионално однесување во периодот додека бил претседател, конкретно на 95 телефонски повици направени со обвинет во судски предмет со кој претседавал тој.[81] Вториот се однесуваше на обвинувања за нарушување на угледот на претседателот на Судскиот совет,[82] при што двете странки разменија лични обвинувања и омаловажувања на рочиштето одржано на 18 септември.[83] Одделно, на 20 септември, Советот на јавни обвинители ги запре дисциплинските постапки против тројца јавни обвинители поради ненавременоста на предлозите за поведување постапки за овие предмети. По друго неповрзано дисциплинско прашање, Советот ја потврди претходната одлука за намалување плата од 30% во времетраење од шест месеци, сметајќи дека жалбата е неоснована.[84]

По поднесувањето иницијатива во мај од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК),[85] која побара да се поведе постапка против претседателот и членовите на Управниот одбор на

73 Во рамките на прифатената спогодба меѓу надлежното обвинителство и судијата Наќе Георгиев, одземени се 15.000 евра како надоместок на штета предизвикана од кривичното дело. (Основен кривичен суд Скопје: Прифатена спогодбата, Наќе Георгиев е осуден на 3 години затвор), Сител ТВ, 15 август 2024, https://sitel.com.mk/osnoven-krivichen-sud-skopje-prifatena-spogodbata-nakje-georgiev-e-osuden-na-3-godini-zatvor.

74 Соопштение од 495. итна седница на Судскиот совет на РСМ – 16.08.2024 година, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3YbYu0G.

75 Иџет Мемети си поднесе оставка, призна вина и се спогоди со Обвинителството за условна казна, 360 степени, 14 август 2024, https://360stepeni.mk/idhet-memeti-si-podnese-ostavka-prizna-vina-i-se-spogodi-so-obvinitelstvoto-za-uslovna-kazna/.

76 Ibid.

77 Ibid.

78 Соопштение, официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", 29 јули 2024, https://bit.ly/4fc7zxE.

79 Претрес во Академијата за судии и јавни обвинители – од изборите наваму се под постојан притисок, Meta.mk, 26 јули 2024, https://meta.mk/pretres-vo-akademijata-za-sudii-i-javni-obviniteli-od-izborite-navamu-se-pod-postojan-pritisok/.

80 Соопштение, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 6 септември 2024, https://bit.ly/4h73wV6.

81 Судијата Лазар Нанев имал 95 телефонски повици кон обвинет во предмет што го водел, 360 степени, 11 септември 2024, https://360stepeni.mk/sudijata-lazar-nanev-imal-95-telefonski-povitsi-kon-obvinet-vo-predmet-shto-go-vodel/.

82 Кавга и меѓусебни обвинувања на Дамева и Нанев на седницата на Судски совет, Телма телевизија, 18 септември 2024, https://telma.com.mk/2024/09/18/kavga-i-megusebni-obvinuvana-na-dameva-i-nanev-na-sedniczata-na-sudski-sovet/.

83 Ibid.

84 Соопштение за јавност за одржана седница на ден 20.09.2024 година.

85 Иницијатива за утврдување одговорност за директорката и управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 23 мај 2024, https://bit.ly/3Lqp40o.

Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈП) за прекршување на Изборниот законик и Законот за спречување на корупција и судир на интереси – конкретно поврзани со забраната за вработување и отпуштање од работа во јавните институции во текот на изборен период – Судскиот совет,[86] Советот на јавни обвинители[87] и Здружението на судии[88] во јули ја отфрлија иницијативата. Одбивањето беше засновано на неисполнување на рокот од 15 дена наведен во член 33 став 7 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси. Последователно, не беше спроведена дополнителна анализа на случајот. Од ДКСК појаснија дека иницијативата е поднесена во предвидениот рок од 15 дена, пресметан од приемот на конечната одлука од Вишиот управен суд.[89] Тие понатаму тврдеа дека рокот од 15 дена е индикативен, а не да спречи, што значи дека правото на дејствување не се губи автоматски, бидејќи законот не ги специфицира последиците во случај да се пропушти рокот.[90] ДКСК, исто така, истакна дека за одбивањето дознале од медиумите и, по официјалното известување, имаат намера да ја оспорат одлуката преку сите достапни правни патишта.[91]

## Професионализам и компетентност

Во септември, поради тековниот проблем со обезбедување на соодветно акредитирана институција за спроведување тестови за интегритет и психолошки тестови за судиите, Судскиот совет одлучи да ја продолжи соработката со „Виста груп“ и Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања. Постигнат е нов договор за обезбедување на техничка поддршка, спроведување на психолошки тестови и тестови за интегритет и обработка на податоците за избор на судии и претседатели на судови, со што се обезбеди продолжување на процесот на избор во судовите.[92]

## Квалитет на правдата

По пресудата на Вишиот управен суд со која се потврди дека Академијата за судии и јавни обвинители ги прекршила Изборниот законик и Законот за спречување на корупција и судир на интереси при приемот на деветтата генерација слушатели, директорката на Академијата на 12 јули поднесе неотповиклива оставка. Последователно, заменик-директорот ја презеде обврската привремено да раководи со институцијата во период до три месеци и веднаш свика состанок на 16 јули за да обезбеди континуитет на институционалните активности.[93] Истиот ден, Управниот одбор на Академијата побара насоки од Владата и од Министерството за финансии дали да се продолжи со испитниот процес за деветтата генерација слушатели, дали да се суспендираат договорите за вработување или, евентуално, целосно да се запре процесот.[94] Сè уште се чека на оваа одлука.

Во меѓувреме, на 26 август беше објавен оглас за нов директор,[95] кој беше затворен на десетти септември и на кој се пријавија седум кандидати: вршителот на должност, заменик-директорот (кој е и судија), четворица други судии и двајца јавни обвинители.[96] Заради понатамошно зајакнување

86 Соопштение од 492. седница на Судскиот совет на РСМ – 08.07.2024 година, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/4f9v3Dp.

87 Записник од 106. седница на Советот на јавни обвинители.

88 Здружението на судии одлучи дека иницијативата на ДКСК за одговорност на УО на АСЈО е ненавремена, MKD.mk, 11 јули 2024, https://mkd.mk/zdruzhenieto-na-sudii-odluchi-deka-inicijativata-na-dksk-za-odgovornost-na-uo-na-asjo-e-nenavremena/.

89 Соопштение во врска со одлука на Судскиот совет, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 9 јули 2024, https://bit.ly/4dPDbId.

90 Ibid.

91 Ibid.

92 Соопштение од 498. седница на Судскиот совет на РСМ – 10.09.2024 година.

93 Информативен работен состанок на заменикот на директорот на АСЈО, судија м-р Илир Исени со вработените, официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 16 јули 2024, https://bit.ly/48padxO.

94 Соопштение од 215. седница на Управниот одбор на Академијата, официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 17 јули 2024, https://bit.ly/3Usqnk7.

95 Јавен оглас за избор на директор на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 177/2024.

96 Нов обид да се именува директор за Академијата на судии и јавни обвинители, Телма телевизија, 14 октомври 2024, https://telma.com.mk/2024/10/14/nov-obid-da-se-imenuva-direktor-za-akademijata-na-sudii-i-javni-obviniteli/.

на институционалниот интегритет, заменик-директорот, исто така, иницираше дискусија на 27 август – во согласност со статутот на Академијата – за формирање здружение на алумни за оние што дипломирале на програмата за почетна обука на Академијата.[97] Предложеното здружение ќе има цел да поттикне постојана соработка преку редовни средби со цел споделување искуства, правни дискусии и следење на напредокот во кариерата на алумните, како и да воспостави врски со слични меѓународни асоцијации.[98] Избрана група претставници присуствуваше на прелиминарниот состанок, внимателно избрани врз основа на нивното искуство во невладини организации и здруженија, со судиски улоги, застапеноста на сите апелациски подрачја и родовата рамнотежа, за да помогне во обликувањето на визијата и рамката на здружението.[99]

## Ефикасност

Во текот на извештајниот период, претседателката и потпретседателот на Судскиот совет,[100] заедно со претседателката на Врховниот суд,[101] одржаа одделни состаноци со судии ширум земјата во насока на решавање на постојаните проблеми, како што се недостигот на кадар, ефикасноста на судот, транспарентноста и финансиските средства. Раководството на Судскиот совет се сретна со судии од Апелациониот суд Скопје, Основниот кривичен суд Скопје и Основниот граѓански суд Скопје.[102] Во исто време, претседателката на Врховниот суд одржа средби со судии од основните судови во Велес, Неготино, Кавадарци, Гевгелија, Куманово, Крива Паланка и Кратово.[103] Овие средби имаа цел да се продолжи со собирањето информации од судиите и да истражат решенија за предизвиците со кои се соочува судството.

97 Соопштение за одржаниот иницијален состанок за создавање на алумни асоцијација во рамките на Академијата за судии и јавни обвинители, официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 2 септември 2024, https://bit.ly/4fnx7rQ.

98 Ibid.

99 Ibid.

100 „Посета на судовите“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 24 септември 2024, https://bit.ly/4f9sPUD.

101 Претседателката на Врховниот суд оствари посета на основните судови Куманово, Крива Паланка и Кратово, официјална интернет-страница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, 10 јули 2024, https://bit.ly/4eOK122.; Претседателката на Врховниот суд оствари посета на основните судови Велес, Неготино, Кавадарци и Гевгелија, официјална интернет-страница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, 24 јули 2024, https://bit.ly/3AdkdgP.

102 „Посета на судовите“.

103 Претседателката на Врховниот суд оствари посета на основните судови Куманово, Крива Паланка и Кратово; Претседателката на Врховниот суд оствари посета на основните судови Велес, Неготино, Кавадарци и Гевгелија.

# Борба против корупцијата

## Државна комисија за спречување на корупцијата

На средината на јули, Собранието ги донесе заклучоците од годишниот извештај за работата на ДКСК за 2023 година и даде позитивна оценка за нејзините напори и посветеност во борбата против корупцијата и заштитата на интегритетот во јавниот сектор.[104] Но, исто така беше забележано дека е неопходно да се зголемат човечките ресурси на ДКСК преку доделување на дополнителни работни места за да се подобри нејзината оперативна ефикасност.

Во врска на годинешните претседателски и парламентарни избори, ДКСК објави посебни извештаи за финансирањето на претседателските и парламентарните избори во 2024 година.[105 и 106] Овие извештаи истакнаа многубројни слабости, корупциски ризици и предизвици поврзани со финансиските аспекти на изборната кампања. Имено, 77% од финансирањето на кампањата беше обезбедено од државниот буџет, со што потенцијално се креираше можност за влијание на политичките партии врз уредувачките политики на медиумите. Дополнително, имаше ниска стапка на усогласеност со законската обврска за објавување информации за моторните возила во сопственост на јавни институции, што претставува значителен ризик од злоупотреба на овие возила за изборни цели. Дополнително, четири партии учеснички на изборите не доставиле финансиски извештаи за донации. ДКСК почна 65 истраги за сомнителни прекршувања на Изборниот законик и Законот за спречување на корупција и судир на интереси, особено за прекршување на забраната за нови вработувања и отпуштања во јавните институции во текот на периодот на изборите.

Во текот на овој квартал, ДКСК иницираше неколку истраги што вклучуваа актуелни функционери, вклучително и за синот на премиерот кој го придружуваше на службено патување,[107] политички мотивираното именување вршител на должност главен ревизор за средствата од Инструментот за претпристапна помош (ИПА),[108] назначувањето на началникот на Генералштабот на Армијата[109] и назначувањето на заменик-директорот на Агенцијата за разузнавање,[110] кои можеби не ги исполнувале потребните услови за овие позиции. Меѓу другите истраги е и истрагата за подарен имот на генералниот секретар на Владата[111] и вистинитоста на податоците во изјавата за имотната состојба на поранешниот премиер и сегашен пратеник.[112] ДКСК, исто така, објави планови за внимателно следење на назначувањата на (в.д.) директори во неколку државни институции и за испитување на секој случај поединечно за да се обезбеди усогласеност со законските барања.[113]

104 Изгласани заклучоците по Извештајот за работата на ДКСК: Позитивна оценка за активностите на Комисијата, Civil Media, 12 јули 2024, https://civilmedia.mk/izglasani-zakluchotsite-po-izveshtajot-za-rabotata-na-dksk-pozitivna-otsenka-za-aktivnostite-na-komisijata/.

105 Посебен извештај за утврдените состојби во финансирањето на изборната кампања за избор на претседател на Република Северна Македонија 2024 година, 13 август 2024, https://bit.ly/4eTMc47.

106 Посебен извештај за утврдените состојби во финансирањето на изборната кампања за избор на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија 2024, 30 август 2024, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2024/08/DKSK-Izveshtaj.pdf.

107 Димитровска: ДКСК ќе го проверува патувањето на синот на Мицкоски во САД, Слободен печат, 15 јули 2024, https://www.slobodenpecat.mk/dimitrovska-dksk-kje-go-proveruva-patuvanjeto-na-sinot-na-mickoski-vo-sad/.

108 Главен ревизор за ИПА фондови не може да биде в.д. – законот посилен од желбата за привремено решение во Верзиволи и Рамадани, Телма телевизија, 12 август 2024, https://telma.com.mk/2024/08/12/glaven-revizor-za-ipa-fondovi-ne-mozhe-da-bide-v-d-zakonot-posilen-od-zhelbata-za-privremeno-reshenie-vo-verzivoli-i-ramadani/.

109 ДКСК отвори предмет за новоназначениот началник на Генералштабот на АРМ, 360 степени, 21 август 2024, https://360stepeni.mk/dksk-otvori-predmet-za-novoznacheniot-nachalnik-na-generalshtabot-na-arm/.

110 ДКСК оформи предмети за заменик-директорката во Агенцијата за разузнавање и за поранешниот заменик-министер во МВР, 360 степени, 10 јули 2024, https://360stepeni.mk/dksk-oformi-predmeti-za-zamenik-direktorkata-vo-agentsijata-za-razuznavane-i-za-poraneshniot-zamenik-minister-vo-mvr/.

111 Антикорупциската комисија отвори предмет за имотот вреден 325.000 евра што лани му бил подарен на генералниот секретар на Владата Јанушев, SDK.mk, 23 јули 2024, https://sdk.mk/index.php/makedonija/antikoruptsiskata-komisija-otvori-predmet-za-imotot-vreden-325-000-evra-shto-lani-mu-bil-podaren-na-generalniot-sekretar-na-vladata-janushev/.

112 ДКСК отвори предмет за проверка на анкетниот лист на Ковачевски, Радио Слободна Европа, 26 јули 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/33052145.html?fbclid=IwY2xjawEQjepleHRuA2FlbQIxMQABHeyni6-fhcxFHY3Bb2FBorD-F_UwhcoFAEdfSh7YRTcfuwZRF6jOmwoe2A_aem_zd1GAh6pCg9FzWw5e4YBVw.

113 Соопштение за процесот на именување на директори односно вршители на должност (в.д.) директори, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 6 јули 2024, https://bit.ly/3NdheYN.

Дополнително, ДКСК почна истраги и против поранешни функционери во врска со 189 решенија за распоредување вработени од страна на поранешниот заменик-министер за внатрешни работи во техничката влада, наводно со прекршување на Законот за спречување на корупција и судир на интереси и на Изборниот законик,[114] како и природата на трошоците што ги направила поранешната министерка за култура на службено патување.[115] Исто така, поднесе пријави за кривична постапка пред Основното јавно обвинителство (ОЈО) Скопје против поранешната организациска директорка на Клиниката за токсикологија за злоупотреба на службената положба при потпишување договори со здравствени работници спротивно на Законот за здравствена заштита,[116] а против поранешната директорка на Управата за јавни приходи за распоредувања вработени и нови договори за вработување со што наводно бил прекршен Изборниот законик.[117]

Барањето на новоименуваните членови на ДКСК да добијат дипломатски пасоши предизвика многубројни реакции во јавноста, меѓу кои и од поранешната претседателка на ДКСК[118] и од граѓанските организации.[119] Од ДКСК тврдеа дека имаат право на дипломатски пасоши за извршување на службената должност,[120] на што од МНР одговорија дека ќе направат дополнителни консултации со цел да се утврди дали има оправдани причини за доделување на оваа привилегија.[121]

## Јавното обвинителство

Со последните измени на Кривичниот законик, кои влијаеја на многу предмети за корупција од висок профил, и случајот „Тенк“ застари.[122] Во овој случај, обвинет беше поранешен премиер за примање награда и противзаконито влијание при набавка на луксузно возило „мерцедес“.

114 ДКСК: Заменик-министер во техничката влада, иако не смеел, распоредил 189 вработени, Радио Слободна Европа, 24 јули 2024, https://bit.ly/3BwuUeV.

115 Антикорупциската комисија отвора предмет за трошоците на Костадиновска-Стојчевска, Телма телевизија, 26 август 2024, https://telma.com.mk/2024/08/26/antikorupcziskata-komisija-otvara-predmet-za-troshoczite-na-kostadinovska-stojchevska/.

116 ДКСК: ОЈО Скопје отпочна постапка против поранешниот организациски директор на Клиниката за токсикологија, Радио МОФ, 25 септември 2024, https://www.radiomof.mk/dksk-ojo-skopje-otpochna-postapka-protiv-poraneshniot-organizaciski-direktor-na-klinikata-za-toksikologija/.

117 ДКСК поднесе иницијатива за кривично гонење на Сања Лукаревска поради незаконско работење, Скопје инфо, 4 септември 2024, https://bit.ly/4eIctCs.

118 Билјана Ивановска: Тоа што немавме дипломатски пасош не нè спречи да бидеме активни, Радио МОФ, 21 јули 2024, https://www.radiomof.mk/biljana-ivanovska-toa-shto-nemavme-diplomatski-pasosh-ne-ne-sprechi-da-bideme-aktivni/.

119 Реакција: Платформата на граѓански организации за борба против корупција реагира на изнесените ставови на Државната комисија за спречување на корупција во соопштението за јавност, официјална интернет-страница на Платформата на граѓански организации за борба против корупција, 22 јули 2024, https://bit.ly/3YenUv1.

120 ДКСК: Дипломатскиот пасош не е привилегија, туку право за извршување службена должност, Радио МОФ, 20 јули 2024, https://www.radiomof.mk/dksk-diplomatskiot-pasosh-ne-e-privilegija-tuku-pravo-za-izvrshuvanje-sluzhbena-dolzhnost/.

121 МНР: Ќе се одлучува за членовите на ДКСК дали да добијат дипломатски или службени пасоши, ТВ 21, 20 јули 2024, https://mk.tv21.tv/mnr-ke-se-odluchuva-za-chlenovite-na-dksk-dali-da-dobijat-diplomatski-ili-sluzhbeni-pasoshi/.

122 Груевски се спаси од затворската казна за случајот „Тенк“ со набавката на „мерцедес“, Телма телевизија, 30 септември 2024, https://telma.com.mk/2024/09/30/gruevski-se-spasi-od-zatvorskata-kazna-za-sluchajot-tenk-so-nabavkata-na-merczedes/.

# Темелни права

## Мачење и други форми на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи поднесе кривична пријава до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција против полициски службеник кој извршил полов напад врз жена која ја сопрел додека вршел сообраќајна контрола.[123] Тој беше обвинет за кривично дело полов напад со злоупотреба на положбата и му беше одреден домашен притвор додека траеше судската постапка.[124]

## Затворски и притворски установи

Слично, како и во претходниот квартал од 2024 година, и во овој квартал се откриени повеќе инциденти и пропусти во казнено-поправните установи низ државата. Управата за извршување санкции при вонредна инспекција утврдија дека во затворот во Шутка[125] во ќелиите недостигаат повеќе осуденици, поради што е поднесена кривична пријава од страна на директорот на Управата против раководството на тој затвор за неправилности и прекршувања на Законот.[126] По ова, следниот месец следуваше идентичен инцидент – од истиот затвор исчезнаа десет осуденици; некои се вратиле, додека за другите е почната истрага.[127]

Кривична пријава е поднесена и против поранешниот директор на Затворот во Струмица за злоупотреба на службената положба и овластувања откако им наложил на затворските службеници да ослободат тројца осуденици од затворот и да ги потпишат во книгата за евиденција како присутни.[128]

Неправилности биле откриени и при вонреден надзор во затворот „Идризово“, каде што е констатирано отсуство на повеќе осуденици.[129] Дополнително, осуденичка која издржувала казна во таа установа предизвикала пожар откако ѝ било одбиено барањето да биде префрлена во психијатриската болница во Демир Хисар.[130] По овој инцидент, една недела подоцна, имало групна тепачка во машкото одделение.[131] Овие проблеми произлегуваат од пренатрупаноста на затворите и лошите услови за живот. За да се решат овие проблеми, реновираното петто крило на затворот „Идризово“ беше отворено на средината на август во кое ќе бидат сместени сто осуденици кои издржуваат долгорочни или доживотни затворски казни.[132]

---

123 Кривична пријава за полицаец: Сопрел жена при сообраќајна контрола и ја допирал по телото, 360 степени, 14 август 2024, https://360stepeni.mk/krivichna-prijava-za-politsaets-soprel-zhena-pri-soobrakajna-kontrola-i-ja-dopiral-po-teloto/.

124 Полицаецот кој е осомничен за облуба доби домашен притвор, 360 степени, 15 август 2024, https://360stepeni.mk/politsaetsot-koj-e-osomnichen-za-obluba-dobi-domashen-pritvor/.

125 На хартија се во Шутка, при контрола на Управата за санкции констатирано – 13 затвореници фалат, Телма телевизија, 20 јули 2024, https://telma.com.mk/2024/07/20/na-hartija-se-vo-shutka-pri-kontrola-na-upravata-za-sankczii-konstatirano-13-zatvoreniczi-falat/.

126 Пандов поднесе пријава за неправилности во Шутка, Алсат М, 29 јули 2024, https://alsat.mk/mk/pandov-podnese-prijava-za-nepravilnosti-vo-shutka/.

127 Масовно бегство од Шутка, избегале 10 затвореници, Press24.mk, 12 август 2024, https://press24.mk/masovno-begstvo-od-shutka-izbegale-10-zatvorenici.

128 Кривична пријава за поранешен директор на затворот во Струмица – наредувал да се пуштаат затвореници, а да се заведуваат како присутни, 360 степени, 27 септември 2024, https://360stepeni.mk/krivichna-prijava-za-poraneshen-direktor-na-zatvorot-vo-strumitsa-nareduval-da-se-pushtaat-zatvorenitsi-a-da-se-zaveduvaat-kako-prisutni/.

129 Итен состанок за решавање на клучните прашања во затворот „Идризово“ – директорот на Управата за извршување санкции Пандов со предлози за подобрување на функционирање на објектот по извршената инспекција, Lider.mk, 24 јули 2024, https://lider.mk/iten-sostanok-za-reshavanje-na-kluchnite-prashanja-vo-zatvorot-idrizovo-direktorot-na-upravata-za-izvrshuvanje-sankcii-pandov-so-predlozi-za-podobruvanje-na-funkcioniranje-na-objektot-po-izvrshenata-i/.

130 Затвореничка предизвикала пожар во „Идризово“ – барала да биде префрлена во „Демир Хисар“, Слободен печат, 1 август 2024, https://www.slobodenpecat.mk/zatvorenichka-predizvikala-pozhar-vo-idrizovo-barala-da-bide-prefrlena-vo-demir-hisar/.

131 Групна тепачка во „Идризово“: Се тепале со метални, дрвени и остри предмети, Скопје инфо, 8 август 2024, https://bit.ly/4eBrENV.

132 Пуштено во употреба реновираното „петто крило“ во „Идризово“, Канал 5, 15 август 2024, https://kanal5.com.mk/pushteno-vo-upotreba-renoviranoto-petto-krilo-vo-idrizovo/a654630.

## Слобода на мисла, свест и вера

По повод 11 јули – Денот на сеќавање на геноцидот во Сребреница – во Собранието беше организирана молитва за жртвите.[133] Ова предизвика многу реакции од политичките партии во врска со секуларноста на јавните институции.[134] Од друга страна, организаторите на молитвата ја бранеа како знак на почит кон жртвите.[135]

## Слобода на изразување

Во овој период опфатен со извештајот беа забележани случаи на онлајн-закани кон новинари, како преку коментари на нивните објави на социјалните мрежи,[136] така и преку директни лични пораки.[137] За еден од овие случаи ОЈО Скопје поднесе обвинителен акт за кривично дело загрозување на сигурноста по член 144 од Кривичниот законик.[138] Здруженијата на новинари ги осудија овие инциденти.[139] Ваквите закани, заедно со дезинформациите, недостатокот на професионализам, ограниченото и нетранспарентно државно финансирање и вербалните напади против медиумските работници, беа меѓу причините наведени за рангирањето на земјата на Индексот за слобода на медиумите во светот за 2024 година од страна на „Репортери без граници“. Сепак, земјата напредуваше за две места оваа година, како рангирана на 36. место од 180 земји.[140]

Позитивна пресуда во однос на слободата на изразување беше донесена од Основниот граѓански суд Скопје по тужба поднесена од новинарка која била нападната додека ги извршувала своите работни задачи во Собранието на 27 април 2017 година, кога повеќе од 20 новинари беа предмет на закани, напад и им беше забрането да известуваат од местото на настанот.[141] Со пресудата ѝ се наложува на Република Северна Македонија да ѝ надомести нематеријална штета поради претрпениот страв, како и поради повреда на слободата на изразување. Од друга страна, истиот суд го одби сличното правно барање од друг новинар инволвиран во истиот инцидент во Собранието, наведувајќи дека поради тоа што работел во онлајн-медиуми, кои законски не се признаени како медиуми, тој не се сметал за новинар.[142] Оваа пресуда го нагласува недостатокот на законска регулатива за онлајн-медиумите во Република Северна Македонија, создавајќи правна несигурност во однос на заштитата на новинарите и на медиумските екипи, како и за заштита на слободата на изразување.

133 Смаиловиќ: Собирот за Сребреница беше настан, а не седница на Собранието, молитвата – гест на почит, а не религиозен ритуал, 360 степени, 12 јули 2024, https://360stepeni.mk/smailovik-sobirot-za-srebrenitsa-beshe-nastan-a-ne-sednitsa-na-sobranieto-molitvata-gest-na-pochit-a-ne-religiozen-ritual/.

134 СДСМ: Африм Гаши ја наруши секуларноста на државата, тоа е непочитување и на Уставот, А1 Он, 12 јули 2024, https://a1on.mk/macedonia/sdsm-afrim-gashi-ja-narushi-sekularnosta-na-drzhavata-toa-e-nepochituvanje-i-na-ustavot/.

135 Еден човечки гест не ја загрозува секуларноста на државата, велат од „Вреди“ за молитвата во Собранието, 360 степени, 13 јули 2024, https://360stepeni.mk/eden-chovechki-gest-ne-ja-zagrozuva-sekularnosta-na-drzhavata-velat-od-vredi-za-molitvata-vo-sobranieto/.

136 ССНМ: Ги осудуваме заканите кон колегата Видиновски и бараме негова заштита, Радио МОФ, 2 јули 2024, https://www.radiomof.mk/ssnm-gi-osuduvame-zakanite-kon-kolegata-vidinovski-i-barame-negova-zashtita/.

137 ОЈО: Маж од скопското село Грчец и се заканувал на новинарка, А1 Он, 4 јули 2024, https://a1on.mk/macedonia/ojo-mazh-od-skopskoto-selo-grchec-i-se-zakanuval-na-novinarka/.

138 ОЈО поднесе обвинение против 31-годишник за загрозување сигурноста на новинарка, Радио МОФ, 4 јули 2024, https://www.radiomof.mk/ojo-podnese-obvinenie-protiv-31-godishnik-za-zagrozuvanje-sigurnosta-na-novinarka/.

139 ЗНМ ги осудува заканите кон новинарот на Канал 5 Александар Видиновски, официјална интернет-страница на Здружението на новинари на Македонија, 2 јули 2024, https://bit.ly/3ZUFF4C.

140 Репортери без граници: Македонија напредна за две места, но опадна довербата во медиумите, Слободен печат, 1 август 2024, https://www.slobodenpecat.mk/reporteri-bez-granici-makedonija-napredna-za-dve-mesta-no-opadna-doverbata-vo-mediumite/.

141 ЗНМ: Правда за новинарката Душица Мрѓа за „27 април“: Значаен чекор напред во борбата против заканите врз медиумските работници, Макфакс, 4 септември 2024, https://bit.ly/3zJthtO.

142 ЗНМ: Нова контроверзна пресуда на Основниот граѓански суд Скопје, Радио МОФ, 26 септември 2024, https://www.radiomof.mk/znm-nova-kontroverzna-presuda-na-osnovniot-gragjanski-sud-skopje/.

## Ранливи групи и начелото на недискриминација

Коалицијата „Менуваме“ на почетокот на јули побара средба со новата влада за да разговараат за потенцијалните измени на Националната стратегија за правата на лицата со попреченост 2023-2030. Тие предложија да се појасни дека попреченоста не е болест, туку состојба, да се намали старосната граница за оценување на децата со попреченост од 26 на 18 години и да се обрне внимание оценките да не се засноваат само на разговори со родителите. Исто така, тие предложија воведување нови курсеви во стручното образование за медицинскиот персонал, судиите и адвокатите за да се подготват подобро за да ги задоволат потребите на лицата со попреченост.[143] Во однос на образованието за децата со попреченост, тие констатираа дека тековните образовни програми не се соодветно структурирани и повикаа на враќање на претходниот образовен модел, кој даваше специфична поддршка за децата со оштетен вид и слух и пречки во говорот, како и интелектуална попреченост.[144] Сепак, новата учебна 2024/2025 година не почна без недостатоци што ги погодија учениците со попреченост. Иако Министерството за образование и наука (МОН) најави дека ќе бидат ангажирани повеќе од 1.000 образовни асистенти во основните училишта за да помогнат во подобрувањето на образовниот процес на учениците со попреченост,[145] родителите на овие ученици пријавија дека и понатаму се соочуваат со недостиг од асистенти, како и недостаток на потребните ресурси во училниците, на пример паметни табли, печатени материјали и соодветна визуализација на наставата.[146] Дополнително, МОН објави дека учениците со попреченост во средните училишта ќе добијат образовни асистенти до јануари 2025 година.[147] КСЗД апелираше до МОН да го донесе новиот закон за средно образование за да се зајакне инклузивноста во средното образование и да се подобри пристапот на учениците со попреченост до повисоките нивоа на образование.[148] КСЗД, исто така, поведе постапка по службена должност против МОН за да ја истражи индиректната дискриминација во пристапот до задолжително основно образование заснована на попреченост.[149]

Претходно утврден случај на родова дискриминација заврши позитивно, со пресуда донесена од Основниот граѓански суд Скопје.[150] Во исто време, КСЗД откри нов случај на дискриминација врз основа на членство во синдикат, во кој беше вмешан полициски службеник кој постојано бил прескокнуван при унапредувања во корист на помалку квалификувани колеги.[151]

Во друг случај, во кој јавна обвинителка била прескокната при унапредување поради бременост и користење на породилно отсуство, Управниот суд го потврди наодот на КСЗД за дискриминација од страна на Советот на јавни обвинители.[152] Сепак, КСЗД поднесе жалба против ова решение со образложение дека неговото мислење не е управен акт и дека против него не може да се води

143 Коалицијата „Менуваме“ бара средба со Владата за измени на Стратегијата за лицата со попреченост, МИА – Медиумска информативна агенција, 3 јули 2024, https://bit.ly/4duLLfi.

144 Суарет Алишан, „Менуваме“: Потребни се измени во инклузивното образование, бидејќи претходните не вродија со плод, Радио МОФ, 21 јули 2024, https://www.radiomof.mk/suaret-alishan-menuvame-potrebni-se-izmeni-vo-inkluzivnoto-obrazovanie-bidejkji-prethodnite-ne-vrodija-so-plod/.

145 Над 1.000 образовни асистенти во новата учебна година ќе бидат поддршка на учениците со попреченост, најави МОН, Радио МОФ, 31 август 2024, https://www.radiomof.mk/nad-1-000-obrazovni-asistenti-vo-novata-uchebna-godina-kje-bidat-poddrshka-na-uchenicite-so-poprechenost-najavi-mon/.

146 Децата со попреченост останаа без асистенти на почетокот на учебната година, Сител ТВ, 2 септември 2024, https://sitel.com.mk/decata-so-poprechenost-ostanaa-bez-asistenti-na-pochetokot-na-uchebnata-godina.

147 Јаневска: Од јануари образовни асистенти ќе има и во средните училишта, Слободен печат, 10 септември 2024, https://www.slobodenpecat.mk/janevska-od-januari-obrazovni-asistenti-kje-ima-i-vo-srednite-uchilishta/.

148 Реакција на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во однос на доцнењето со обезбедување на образовни асистенти за учениците со попреченост, официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 3 септември 2024, https://bit.ly/4dwQuwY.

149 КСЗД поведува постапка по службена должност против МОН, официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 12 септември 2024, https://bit.ly/4eKg4jc.

150 Дискриминирани затоа што се девојки – борачките Бојана и Олгица победија во правна битка, Радио Слободна Европа, 9 јули 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/diskriminirani-zatoa-shto-se-devojki---borachkite-bojana-i-olgica-pobedija-vo-pravna-bitka/33026316.html.

151 Полицаец упорно е изоставуван од огласите за шеф на преминот Блаце оти е синдикалец, утврдена продолжена дискриминација, Сакам да кажам, 31 август 2024, https://bit.ly/3YcoOt6.

152 Управен пресуди дека Јолевски ја дискриминирал обвинителката Ристоска, Lider.mk, 4 јули 2024, https://lider.mk/upraven-presudi-deka-jolevski-ja-diskriminiral-obvinitelkata-ristoska/.

управен спор, бидејќи тоа може да создаде незаконски преседан мислењата на КСЗД да се третираат како управни акти во иднина.[153]

КСЗД потпиша Меморандум за соработка со Кабинетот на претседателката на Република Северна Македонија за преземање на координирани активности насочени кон унапредување на еднаквоста и заштита од дискриминација, обезбедување на целосно и еднакво уживање на сите човекови права и основни слободи за сите граѓани.[154]

## Роми

На почетокот на август, Основниот граѓански суд Скопје донесе одлука дека Владата на Република Северна Македонија, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Државниот просветен инспекторат и општините Битола и Штип извршиле дискриминација преку сегрегација на ромските деца во образованието.[155] Оваа дискриминација настанала со непреземање дејства за регулирање на практиките за реонизација за да се спречи потенцијална сегрегација, неефективна имплементација на одлуките за реонизација, пристапот при запишувањето на децата Роми во училиштата и неуспехот да се обезбеди правична и соодветна интеграција на учениците Роми со другите етнички заедници во одделенијата.

Постојаниот тренд на лажно декларирање како Роми повторно бил забележан при проверката на уписите во средните училишта во повеќе градови низ државата.[156] Утврдено е дека некои ученици поднеле лажни изјави дека припаѓаат на ромската етничка заедница за да се квалификуваат во квотата резервирана за ромската заедница.

Чекор напред во обезбедувањето на подобри услови за домување за Ромите е направен во Штип, каде што почна изградбата на куќи за ромски семејства.[157] Овие домови се наменети за 40 ромски семејства кои со години живеат во супстандардни услови во напуштени објекти.

153 Соопштение за медиуми, официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 2 септември 2024, https://bit.ly/4dxSm8S.

154 КСЗД и кабинетот на претседателката Силјановска-Давкова потпишаа Меморандум за соработка, официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 1 август 2024, https://bit.ly/4gVo2bk.

155 Основниот граѓански суд утврди сегрегација на децата Роми во образовниот процес, официјална интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија, 6 август 2024, https://mhc.org.mk/news/osnovniot-graganski-sud-utvrdi-segregacija-na-decata-romi-vo-obrazovniot-proces/.

156 Се декларираат како Роми за да се запишат на медицина! Лажно пријавување на етничка припадност во средни училишта, ТВ 21, 5 септември 2024, https://mk.tv21.tv/se-deklariraat-kako-romi-za-da-se-zapishat-na-meditsina-lazhno-prijavuvane-na-etnichka-pripadnost-vo-sredni-uchilishta/.

157 Започна изградбата на типски куќи за сместување на 40 штипски ромски семејства, Сител ТВ, 5 септември 2024, https://sitel.com.mk/zapochna-izgradbata-na-tipski-kukji-za-smestuvanje-na-40-shtipski-romski-semejstva.

